Бр./Nr 12-774/3
28-04-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-744/1 од 12.02.2026 година, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во спроведена постапка за избор за членови на Управен одбор во ------ „-------------- - ---------------" ----------- и во ------ „----------------" ------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметот поради тоа што нема надлежност да се произнесува по однос на исполнетоста на условите од страна на кандидатите кои се пријавиле за избор на членови на управен одбор на наведните јавни претпријатија.

Предметот со број 12-744/1 од 12.02.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 12.02.2026 година, поднесена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во спроведена постапка за избор за членови на Управен одбор во ------ „-------------- - ---------------" -----------, од страна на Советот на Општина -----------, и е оформен предмет број 12-744/1 од 12.02.2026 година.
Кон предметот е приклучена и пријава со број 12-744/2 од 12.02.2026 година, со наводи за сомневање за незаконитости во спроведена постапка за избор за членови на Управен одбор во ------ „----------------" ----------, од страна на Советот на Општина ---------.

Подносителот на пријавата бил еден од кандидатите во предметната постапка, во која иако бил меѓу највисоко рангираните кандидати тој не бил избран, па се сомнева дека постои злоупотреба на дискреционото право на Советот на Општината односно дека, Комисијата за

селекција за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на ------ „------------- - --------------“ ----------, постапила субјективно и со прекршување на начелото на еднакви можности од причина што за членови на Управниот одбор биле именувани лица кои имале значително помал број на бодови и биле послабо рангирани, со што според него не биле испочитувани критериумите за стручност и компетентност утврдени во Правилникот на Министерството за економија и труд бр.15-542/1 од 16.10.2024 година.

Истиот подносител, учествувал како кандидат и во постапката за избор за членови на Управен одбор во ------ „---------------“ ---------, каде бил четврти кандидат на ранг листата но, не бил избран, па и за оваа постапка се сомнева дека постои злоупотреба на дискреционото право на Советот на Општина ----------- и селективно постапување на Комисијата за селекција.

При разгледување на пријавените наводи како и доставената документација кон пријавите, ДКСК го констатира следното:

Предметните постапки за избор на членови на Управен одбор во ------ „------------- - --------------“ ------------- и во ------ „---------------“ ---------, биле реализирани од страна на Комисија за селекција формирана од Советот на општината согласно член 17-а од Законот за јавните претпријатија. Наведената Комисија, постапувајќи согласно одредбите од Законот, ја спровела постапката за селекција на членови на управниот одбор на јавното претпријатие при што проверува и утврдува дали пријавените кандидати ги исполнуваат условите за избор на членови на Управниот одбор на Јавното претријатие, утврдени во јавниот повик, проверка на доставените докази и нивно бодување, спроведува интервју и на крајот подготвува и до основачот на јавното претпријатие доставува ранг - листа од најмногу 15 најдобро рангирани кандидати за членови на управниот одбор, која се објавува на веб страницата на основачот на јавното претпријатие. Основачот на јавното претпријатие најдоцна 15 дена од денот на приемот на предлогот од Комисијата за селекција, донесува одлука за именување на членови во управниот одбор на јавното претпријатие од редот на најдобро рангираните кандидати.
Незадоволните кандидати од постапката за селекција за членови во управниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

Имајќи го предвид погоре констатираното, ДКСК утврди дека во предметниот случај нема надлежност да се произнесува по однос на исполнетоста на условите од страна на кандидатите кои се пријавиле за избор на членови на управен одбор на наведните јавни

претпријатија, а воедно подносителот на пријавата како незадоволен кандидат во предметните постапки имал право да побара заштита и да поведе управен спор до надлежен суд.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

